2024

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ОДАНОЧУВАЊЕ НА ДОХОД ОД ПРОДАЖБА НА СОПСТВЕНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

Пријавување, утврдување и плаќање на данок на доход од продажба на сопствени земјоделски производи

| | |
|---|---|
| Подготвува и издава: | Управа за јавни приходи<br>бул.„Кузман Јосифовски-Питу” бр.1,<br>1000 Скопје<br>www.ujp.gov.mk<br>info@ujp.gov.mk |
| Дата на издавање: | 02.01.2024 година |
| Уредници: | Севдие Исмаили и Васе Недановски - Сектор за услуги на даночни обврзници и даноци |
| Дизајн и припрема: | Драгица Николоска - Сектор за поддршка на директорот и односи со јавност |
| Наслов: | Оданочување на доход од продажба на сопствени земјоделски производи |

ISBN: 978-608-4866-54-1
Бр: 08-18/1
http://www.ujp.gov.mk/mk/publikacii/pogledni/70



**2024 © Управа за јавни приходи**

*Материјалот е наменет за некомерцијални цели на Управата за јавни приходи. Копирање, умножување и употреба на материјалот за комерцијални цели не е дозволено. При користење на податоци од публикациите на Управата за јавни приходи потребно е да се цитира изворот.*

## СОДРЖИНА

ВОВЕД ....................................................................................................................................2

ДАНОК НА ДОХОД ОД ПРОДАЖБА НА СОПСТВЕНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ....................................................................................................................................3

ПРОДАЖБА НА СОПСТВЕНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ НА ДРУГО ФИЗИЧКО ЛИЦЕ....................................................................................................................................4

ПРОДАЖБА НА СОПСТВЕНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ НА ПРАВНО ЛИЦЕ....................................................................................................................................6

ПРОДАЖБА НА СОПСТВЕНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ НА ПРОДАЖНИ МЕСТА НА ЗЕЛЕНИ ПАЗАРИ...........................................................................................................7

ВРАЌАЊЕ НА ПЛАТЕНИОТ ДАНОК.......................................................................................8

ПОТВРДУВАЊЕ НА ГОДИШНА ДАНОЧНА ПРИЈАВА.......................................................9

## ВОВЕД

Оваа брошура треба да ве информира за основните правила при пријавување, утврдување и плаќање на данокот на доход кој како физичко лице - граѓанин го остварувате од продажба на сопствени земјоделски производи. Остварениот доход од продажба на сопствени земјоделски производи подлежи на оданочување со данок на личен доход.

Преку брошурата ќе дознаете повеќе за тоа: што се подразбира под доход од продажба на сопствени земјоделски производи; кој е обврзник на данокот на доход; како да го пријавите доходот од продажба на сопствени земјоделски производи; како УЈП ја утврдува даночната основа за пресметка на данокот за доходот од продажба на сопствени земјоделски производи; кога треба да го платите данокот; кои други обврски ги имате како даночен обврзник.

Во брошурата се употребуваат следните кратенки:

| | |
|---|---|
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| ЗДЛД | Закон за данокот на личен доход |
| е-ППД | Електронска пресметка за приход и данок |
| ТИРЗ | Технолошка индустриска развојна зона |

# ДАНОК НА ДОХОД ОД ПРОДАЖБА НА СОПСТВЕНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

Под доход од продажба на земјоделски производи се подразбираат доходот остварен од производство, доработка, преработка и пласман на сопствени земјоделски производи.

## Даночен обврзник

Обврзник на данок на доход е физичко лице кое не е регистрирано како самостоен вршител на дејност или трговец поединец, а остварува доход од продажба на сопствени земјоделски производи на:

- исплатувачи кои водат деловни книги (види страница 8 - 9);
- физички лица надвор од продажни места на зелени пазари (види страница 5 - 7);
- продажни места на зелени пазари (види страница 10).

## Даночни стапки

Аконтација на данокот на доход од продажба на сопствени земјоделски производи се пресметува на соодветно утврдена даночна основа со примена на единствена стапка од 10%.

## Даночна основа

**Основа за пресметување на данокот за доходот** кое физичко лице го остварува од продажба на сопствени земјоделски производи на исплатувачи кои водат деловни книги и физички лица надвор од продажни места на зелени пазари, а не се оданочуваат по вистински остварен доход **претставува разликата помеѓу остварениот вкупен доход и признатите нормирани трошоци во висина од 80%.**

> Обврзник чиј вкупен доход во годината го надминува износот од 1.000.000 денари, должен е најдоцна до 15–ти јануари наредната година да се регистрира за вршење на дејност согласно закон.

## ПРОДАЖБА НА СОПСТВЕНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ НА ДРУГИ ФИЗИЧКИ ЛИЦА

### Рокови за пријавување на доходот од продажба на сопствени земјоделски производи на други физички лица

Пријавувањето на доходот од продажба на сопствени земјоделски производи на физички лица надвор од продажни места на зелени пазари ќе го извршите со поднесување на Електронска пресметка (е-ППД) преку **e-ujp.ujp.gov.mk**
Пресметката се поднесува до 10-ти во месецот за доходот во претходниот месец.

> На граѓанинот кој нема да поднесе Електронска пресметка (е-ППД) преку системот е-Даночни услуги **e-ujp.ujp.gov.mk** во пропишаниот рок, УЈП ќе му изрече глоба за сторен прекршок во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност.

### Регистрирајте се на системот е-Даночни услуги!

Обврска за регистрација на системот е-Даночни услуги **e-ujp.ujp.gov.mk** има секој граѓанин кој остварува доход од продажба на сопствени земјоделски производи, заради пријавување на доходот и задолжително поднесување на Електронска пресметка (е-ППД) до Управата за јавни приходи.
**Напомена**: Странско физичко лице, односно нерезидент на Република Северна Македонија, се регистрира како корисник на системот со ЕДБ доделен од УЈП.
При регистрацијата на е-Даночни услуги **e-ujp.ujp.gov.mk** имајте предвид дали сте веќе корисник на електронските даночни услуги е-Даноци **etax-fl.ujp.gov.mk**

### Постапка за регистрација на e-ujp.ujp.gov.mk

Постапката за регистрација на е-Даночни услуги е лесна и едноставна.
Единствен услов за регистрација на системот е да имате валидна е-пошта, која ќе биде корисничко име (user name) за ваша најава на системот **e-ujp.ujp.gov.mk** и ќе ви служи за комуникација со Управата за јавни приходи.

За подетални информации во врска со регистрацијата на **e-ujp.ujp.gov.mk** посетете ја Веб страната на УЈП односно превземете го Упатството за регистрација и доделување овластувања

## Поднесување на Електронска пресметка (е-ППД)

Кога остварувате доход од продажба на сопствени земјоделски производи на физички лица надвор од продажни места на зелени пазари имате обврска да поднесете Електронска пресметка (е-ППД) преку системот е-Даночни услуги **e-ujp.ujp.gov.mk**, до 10ти во месецот за доходот остварен во претходниот месец. Електронската пресметка ја одобрува УЈП.
По одобрување на пресметката е-ППД, УЈП електронски доделува Фолио број и издава Рекапитулација за утврдување на аконтација на данок на доход со статус „Одобрена" и Налог за плаќање на данокот на доход.

Налогот за плаќање на месечна аконтација на данокот на доход должни сте да го платите најдоцна до 15-ти во месецот за претходниот месец.

## Пресметка на аконтација на данок кога вршите продажба на сопствени земјоделски производи на други физички лица

**Пример**: Физичко лице продава земјоделски производи на физички лица надвор од продажни места на зелени пазари, во месец Февруари 2024 година и остварил вкупен доход во износ од 50.000 денари.

Пресметка на аконтација на данок:

*50.000 – 80% (нормирани трошоци) = 10.000 денари (основа за оданочување)*
*10.000 денари x 10% = 1.000 денари (данок на доход)*

Во овој случај, физичкото лице по основ на остварен доход од продажба на сопствени земјоделски производи на други физички лица треба да плати данок на доход во износ од 1.000 денари. Рок за доставување на пресметката е до 10-ти март за доходот остварен во месец Февруари.

## ПРОДАЖБА НА СОПСТВЕНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ НА ПРАВНО ЛИЦЕ

Доколку вршите продажба на сопствени земјоделски производи на правно лице, немате обврска за пријавување на доходот од продажбата, односно обврската за пријавување, поднесување и плаќање на данокот ја има правното лице - исплатувач на доходот.

Доколку како граѓанин вршите продажба на сопствени земјоделски производи на правно лице обврска да го **пријави, задржи и плати данокот на доход**[1] во име на граѓанинот има исплатувачот на доходот т.е. во овој случај фирмата. Исплатувачот на доходот (правното лице) пред секоја исплата на доходот на граѓанинот-физичко лице, е должен до УЈП да достави Електронска пресметка (е-ППД) преку системот е-Даночни услуги **e-ujp.ujp.gov.mk**

Исплатувачот на доходот т.е. фирмата на кој вршите продажба на сопствените земјоделски производи има обврска да го плати данокот при секоја поединечна исплата.
За пресметаниот и платен „данок по одбивка“, правното лице е должно:

- да ви го пресмета данокот на доход и истиот да го плати на пропишаната уплатна сметка; и
- при секоја исплата на доходот да ви издаде примерок од пресметката на платениот данок (аконтација).

### Пресметка на аконтација на данок од правното лице-исплатувач на доходот

**Пример**: Граѓанин кој продава земјоделски производи на исплатувач-правно лице кое води деловни книги, оствари доход во износ од 60.000 денари. Пресметката е следна:

*60.000 - 80% (нормирани трошоци) = 12.000 (основа за оданочување)*
*12.000 x 10% = 1.200 (данок на доход)*

Во овој случај, правното лице ќе треба да плати данок на доход во износ од 1.200 денари.

1) Данок по одбивка

## ПРОДАЖБА НА СОПСТВЕНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ НА ПРОДАЖНИ МЕСТА НА ЗЕЛЕНИ ПАЗАРИ

Обврзникот на данокот на доход кој остварува доход од продажба на сопствени земјоделски производи на продажни места на зелени пазари, а не се оданочува по вистински остварен доход, се оданочува според паушално утврден нето доход.

Паушалниот нето доход го утврдува УЈП врз основа на висината на закупнината на продажното место на зелениот пазар и големината на нето доходот на обврзникот кој под исти или слични услови врши иста или слична дејност.

Кога остварувате доход од продажба на сопствени земјоделски производи на продажни места на зелени пазари, УЈП врши пресметка на аконтација на данокот на доход за доходот од продажба на сопствени земјоделски производи на физички лица на продажни места на зелени пазари.
УЈП за секое физичко лице кое остварува доход од продажба на сопствени земјоделски производи на продажни места на зелени пазари изготвува Електронска пресметка (е-ППД) и Решение за утврдување на аконтација на данок на доход кое го доставува заедно со налозите за плаќање на аконтација на данокот на доход до примателот на доходот.

УЈП пресметката за доходот ја врши врз основа на податоци од Извештајот за корисниците на продажни места на зелени пазари (образец ДЛД-И/ЗП), кој организаторот го поднесува до УЈП најдоцна до крајот на годината која и претходи на годината за која се врши утврдување на данокот.

## ВРАЌАЊЕ НА ПЛАТЕНИОТ ДАНОК

Даночниот обврзник, кој остварува доход од продажба на сопствени земјоделски производи на исплатувачи кои водат деловни книги и физички лица надвор од продажни места на зелени пазари а не се оданочува по вистински остварен доход, кој во текот на календарската година остварил доход од продажба на сопствени земјоделски производи кој не го надминал износот од 1.000.000 денари има право на враќање на платениот данок за остварениот доход од продажба на сопствени земјоделски производи.

Правото на враќање на платен данок не може да го оствари даночниот обврзник кој во календарската година го надминал лимитот од 1,000,000 денари, и остварил друг доход кој се оданочува согласно со одредбите од ЗДЛД, со исклучок на добиените репроматеријали без надоместок од страна на откупните претпријатија кои се во функција на дејноста, како и добиените репроматеријали согласно закон.
Исто така правото на враќање на платен данок може да го оствари даночниот обврзник кој во календарската година остварил доход ослободен од плаќање на данок на доход освен остварени плати на вработено лице кај обврзник кој е корисник на ТИРЗ.
Врз основа на податоците од потврдените годишни даночни пријави, органот за јавни приходи изготвува листа на обврзници на кои треба да им биде вратен платениот данок која се доставува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, заради потврдување или коригирање на податоците.
По проверка на податоците од листата преку споредување со податоците од Единствениот регистар на земјоделските стопанства и други податоци со кои што располага Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, листата по потврдување или коригирање се доставува до органот за јавни приходи.
Враќањето на платениот данок се врши најдоцна до крајот на годината која следи по годината за која што се однесува потврдената годишна даночна пријава.

## ПОТВРДУВАЊЕ НА ГОДИШНА ДАНОЧНА ПРИЈАВА

Врз основа на сите податоци за исплатениот доход од страна на исплатувачите и за доходот кој сте го оствариле од други физички лица и од странство, во текот на 2024 година, најдоцна до 30 април 2025 година УЈП ќе изготви и ќе ви достави пополнета Годишна даночна пријава, која може да ја преземете од системот е-Даночни услуги по претходна регистрација на истиот (види страница 5 и 6).

Ваша обврска ќе биде истата да ја потврдите или да ја корегирате најдоцна до 31 мај 2025 година.

**Контакт центар**
ул. „11 Октомври" бр. 27,
1000 Скопје
тел. 0800 33 000; 02/3253 200

**Генерална дирекција Скопје**
бул. „Кузман Јосифовски – Питу" бр.1
(Комплекс банки), 1000 Скопје
тел. 02/3299 500; факс 02/3281 010

**Дирекција за големи даночни обврзници**
ул. „12-та Ударна бригада" бр. 2-а,
1000 Скопје
тел. 02/3251 600; факс 02/3251 610

**Регионална дирекција Скопје**
ул. „11 Октомври" бр. 27, 1000 Скопје
тел. 02/3163 411; факс 02/3213 938

**Регионална дирекција Битола**
ул. „Мирче Ацев" бр.3, 7000 Битола
тел. 047/235 504; факс 047/235 501

**Регионална дирекција Прилеп**
ул. „Прилепски бранители" бр.6, 7500 Прилеп
тел. 048/416 284

**Регионална дирекција Тетово**
ул. „Дервиш Цара" бр. 56, 1200 Тетово
тел/факс 044/335 515

**Регионална дирекција Штип**
ул. „Плоштад Слобода" 66, 2000 Штип
тел. 032/397 818; факс 032/392 050

**Регионална дирекција Струмица**
ул. „Светозар Марковиќ" бр.1, 2400 Струмица
тел/факс 034/343 057

www.ujp.gov.mk

info@ujp.gov.mk

kontaktcentar.ujp.gov.mk

etax.ujp.gov.mk

e-pdd.ujp.gov.mk

e-aukcii.ujp.gov.mk

ISBN: 978-608-4866-54-1